UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Развој на цивилно општество** |
| Факултет | Современи Општествени Науки |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |

## Опис на програмата

Целта на студиската програма од втор циклус *Развој на граѓанското општество* е да се покрие празнината во формалното образование кај граѓанските организации (ГОи) и фондации, нивните вработени, активистите и волонтерите и на персоналот во меѓународните институции, донаторските агенции и владиниот сектор кои работат и соработуваат со граѓанскиот сектор, како и да се надградат нивното знаење и нивните вештини со цел да се зајакне граѓанското општество во истакнувањето на неговиот глас во процесот на градењето ефективна демократија во Македонија и во регионот на Југоисточна Европа (ЈИЕ). Исто така, преку програмата ќе се зајакнат и ќе се надградат постигнувањата на ова поле во регионот на ЈИЕ и ќе се овозможи споделување меѓународни искуства на патот на постигнувањето позитивни општествени промени, бидејќи оваа програма е наменета за раководители на ГОи, вработени, нивни волонтери и активисти, како и за сите заинтересирани за развојот на граѓанското општество.

Во спроведувањето на оваа програма, посебно во практичниот дел од наставата ќе бидат вклучени експерти од граѓанската организација „Центар за институционален развој – ЦИРа“. Ова ќе придонесе кон подобро пренесување на практични искуства и знаење на студентите за развојот на граѓанскиот сектор во Македонија и во регионот на Југоисточна Европа

Целите на програмата се:

- Студентите на оваа програма ќе имаат можност да го најдат балансот помеѓу солидната интелектуална подготовка во општествените науки и практичната обука со експерти за развој на граѓанското општество.
- Студентите ќе стекнат основни комуникациски вештини, како и вештини за преговарање и надминување конфликти потребни за надминување на културните разлики и различните традиции преку користење современи методи на учење, неопходни за постигнување успех во соочувањето со различните образовни системи преплетени со различните традиции.
- Студентите ќе ја манифестираат својата интелектуална независност и ќе ја демонстрираат својата имагинација и отвореност за нови искуства, како и флексибилноста да размислуваат користејќи ги различните дисциплини и трансферот на знаење и вештини помеѓу различните полиња на експертиза.
- Студентите ќе ги демонстрираат волјата и експертизата целосно да придонесат кон граѓанското општество и интелектуалниот живот, со учество во широка понуда на можности за дебати, трибини, учество во конференции и културни настани.
- Студентите ќе добијат можност да бидат независни создавачи на знаење, информирани носители на одлуки и вешти поддржувачи на развојот на граѓанското општество.
- Студентите ќе ги совладаат теоријата и практиката на менаџментот на ГОи инволвирајќи го стратегиското мислење и стратегиското планирање како рамка.
- Студентите ќе се запознаат со динамиката и со основните функции на раководењето со човечките ресурси и раководењето со волонтерите, како основен извор на човечки ресурси кај ГОи.
- Студентите ќе се запознаат со основните принципи на мобилизирање на заедницата во решавањето важни општествени проблеми, како и мобилизирањето ресурси од заедницата.

- Студентите ќе го демонстрираат својот капацитет да го следат овој модул на англиски јазик, како и да учествуваат во дискусии, преговори и дебати на овој јазик. Со ова, тие ќе учествуваат во создавањето поширока регионална заедница на активисти креирана преку овој мост кој ќе се гради помеѓу земјите од ЈИЕ, а која ќе придонесе кон јакнење на довербата и имиџот на ГОи во земјава, но и во регионов.

## Кариера

Развој на граѓанското општество дава висококвалификувани лидери со добро развиени вештини за лидерство и менаџмент за да се соочи со предизвици во областа на развојот на граѓанското општество и нуди висококвалификувани и професионални водачи со современ пристап кон управувањето  на вредностите и улогата на граѓанските организации во развојот на демократијата во современите општества.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Ќе  наоѓаат солидна рамнотежа помеѓу интелектуалната подготовка на општествени науки и на професионална обука со експерти во развојот на граѓанското општество.
- Ќе демонстрираат капацитет  за да се дебатира на англиски и да се одржат преговори и долга дебата во овој јазик.
- Ќе учествуваат во поширока регионална  заедница воспоставена преку оваа програма помеѓу земјите од ЈИЕ.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Во состојба е да доведе до истражување на јавното мислење и до спроведување методолошки алатки.
- Демонстрира способност да лобира, да преговара и да посредува повеќе влијателни политички актери во општеството.
- Во состојба е да ги применува теоретските знаења, да го развива истражувањето во решавање на општествените појави и да продолжи со кариера во академската област

### Способност за проценка

- Ќе манифестираат интелектуална автономија;
- Ќе учествуваат во современата култура.
- Ќе демонстрира имагинација и отвореност кон нови искуства, како и флексибилност да се размислува низ дисциплини и да пренесува вештини помеѓу областите во експертиза.
- Ќе анализира различни феномени поврзани со политичката културата на соодветното  општеството.
- Ќе ги споредува критички политичките трендови во општеството и во државата и ќе го оценува нивното влијание врз евроинтегративните процеси на земјава.

### Комуникациски вештини

- Можат да учествуваат во политички дебати, посредување и преговори истовремено обезбедувајќи аргументативна анализа на политичкиот дискурс.
- Има  кохерентни вештини за опишување на општествените случувања.
- Професионално комуницира со повеќе актери во тимскиот дух и со инклузивен пристап.
- Демонстрира волја и подготвеност за да придонесе во цивилното општество и интелектуалниот живот преку учество во различни можности за дебата на конференции, културни настани итн.

### Вештини на учење

- Може да ја потврди и да ја аргументира улогата на граѓанското општество за општество базирано на знаење.
- Има способност да се преземат иницијативи да се идентификуваат групите на интерес и државните институции во рамките на политичките процеси.
- Има способности за вршење доживотно учење и самоедукација во областа на политичките науки.
- Има способност да се обучуваат граѓаните за политички систем и за демократско општество.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [6.0 ЕКТС] **Стратегиски менаџмент и управување со промени**
- [6.0 ЕКТС] **Граѓанско општество и развојни политики**
- [6.0 ЕКТС] **Справување со конфликти, комуникациски вештини и вештини за преговарање**
- [6.0 ЕКТС] **Финансиски менаџмент, и ефикасност во користење на ресурсите за Граѓански организации (ГО)**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 1**

### Семестар 2

- [6.0 ЕКТС] **Прибирање на средства и филантропија за граѓански организации**
- [6.0 ЕКТС] **Јавни политики, застапување и лобирање**
- [6.0 ЕКТС] **Развој на човечки ресурси и раководење со волонтери**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 1**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 2**

### Семестар 3

- [6.0 ЕКТС] **Правна регулатива и етика за Граѓански организации**
- [6.0 ЕКТС] **Развој на локалната заедница**
- [6.0 ЕКТС] **Меѓународни организации**
- [6.0 ЕКТС] **Слободен изборен предмет 2**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет 3**

### Семестар 4

- [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Стратегиски менаџмент и управување со промени**
  Во рамките на овој предмет се истражуваат теоријата и практиката на менаџментот инволвирајќи го стратегиското мислење и стратегиското планирање како рамка. Се однесува на важни прашања од менаџментот, вклучувајќи: контекст на градење стратегии, лидерство, структура на организацијата и дизајн, како и изведба. Во предметот се вклучени и се користат студии на случај од менаџерските практики во јавниот и граѓанскиот сектор. Дел од овој предмет е управувањето со промени, како неодминлив дел од раководењето и справувањето со динамиката на промените во окружувањето, посебно од аспект на политичкиот, општествениот, културниот, економскиот и технолошкиот развој во Македонија и регионот на ЈИЕ. Содржина на предметната програма: - Процесот на дефинирање долгорочна визија и мисија во граѓанските организации (ГОи) - Анализа на надворешната околина и важните актери - СВОТ (SWOT) анализа - Методологијата за стратегиска ориентација и анализа на можни стратегии - Процесот на дефинирање стратегиски цели и активности - Методологии за креирање годишни програми за ГОи - Филозофијата на промените, зошто промени, предизвици - Промени во организациската култура - Методологија на идентификација на клучните фактори во процесот на промени - Методите за успешно совладување на отпорот кон промените, како и факторите на влијание ГОи - Начини за обезбедување поддршка за промените - Фази во процесот на промени Начини за промовирање промени

- **Граѓанско општество и развојни политики**
  Овој предмет е фокусиран на запознавање со теориите на настанокот на граѓанското општество, дефинирање на просторот кој го зафаќа граѓанското општество, клучните актери, интеракциите со другите сектори во државата, улогата и структурата на граѓанскиот сектор, начините на работа, карактеристиките на граѓанското општество во Македонија и во регионот, стратегиите за негова одржливост, како и начините за влијание врз политиките и демократските процеси. Во делот на развој, овој предмет ќе обезбеди претставување на клучните развојни концепти, теории и пристапи, како и на предизвиците кои осиромашувањето и назадувањето во развојот ги наметнува на оние кои работат во донаторските агенции, државните развојни агенции граѓански организации, фондации и истражувачки институти.

- **Справување со конфликти, комуникациски вештини и вештини за преговарање**
  Цели на предметната програма (компетенции): Овој предмет опфаќа ефективно справување со конфликти на работно место, помеѓу различни групи, компании, владини институции и други граѓански организации (ГОи). Изучувањето на конфликтите и ефективното менаџирање со нив подразбира анализа на конфликтот, разбирање на динамиката на различни групи на интерес и одредување соодветни методи за справување. Менаџерот во ГОи, без разлика дали се занимава со менаџмент, политики или финансии е повикан да менаџира или да се вклучи во решавање широк спектар на конфликти. Конфликти има секаде, во и помеѓу организации и институции, помеѓу различни нивоа на владини органи, помеѓу различни групи на интерес и владини институции, граѓани и институции итн. Зголемената комплексност и поврзаноста на конфликтите со различни прашања и проблеми кои се заеднички за повеќе различни групи на интерес, ја зголемува одговорноста, но и предизвикот кај ГОи за соодветно справување со нив. Во регион како што е ЈИЕ, неопходно е лидерите / менаџерите во ГОи да знаат како да се справуваат со конфликтите. Низ студии на случај, дискусии, дебати и симулации студентите ќе имаат можност да се подготват теоретски, но и практично за решавање конфликти, но ќе работат и на развој на вештини за преговарање и убедување, како и на вештини за олеснување кои еден современ менаџер е неопходно да ги поседува. Истовремено, овие вештини се неопходни за генерирањето јавна поддршка и ефективна комуникација со различните групи на интерес, кои се основа за успехот на ГОи.

- **Финансиски менаџмент, и ефикасност во користење на ресурсите за Граѓански организации (ГО)**
  Цели на предметната програма (компетенции): Целта на овој предмет е да им се претстават на студентите стандардите и практиките во финансиското работење на ГОи, методите на користење фондови и други соодветни техники за управување со одговорноста во финансиското работење на ГОи и притоа се опфаќаат преглед и анализа на техничките аспекти на сметководството и подготовката, како и толкување на финансиските извештаи. Концептот на ефикасноста во користењето на ресурсите ги претставува основите на принципите и процедурите и овозможува поставување рационална рамка за алокација на ресурсите. Предметот овозможува соодветна избалансираност помеѓу теоријата и практиките, преглед на различни студии на случај и дизајниран е да го побуди интересот на студентите. Содржина на предметната програма: - Теоретски основи на финансиско работење кај ГОи - Современи аналитички методи - Буџетирање, финансиски операции и сметководство како придонес кон доброто финансиско работење на ГОи - Толкување и користење на финансиските извештаи - Разлики во финансиските извештаи помеѓу профитните и непрофитни организации и институции - Анализа на квантитативни и квалитативни податоци - Концепт на ефикасно користење на ресурсите во ГОи и креирање процедури за спроведување на концептот - Процес на финансиско планирање и буџетирање, со осврт на планирање активности за прибирање средства од различни извори, готовински текови, управување со ризици и раководење со индикаторите Планирање и раководење со финансиите и годишните буџети согласно со стратегискиот план и со мисијата на организацијата

- **Прибирање на средства и филантропија за граѓански организации**
  Во рамките на овој предмет се истражуваат историјата, принципите и практичната апликација на концептот за развој на филантропијата и диверзификација на ресурсите во граѓанските организации (ГОи), како и етичката одговорност на професионалците во процесот на прибирање средства. Понатаму, предметот се занимава со методи на идентификација на различни извори за финансирање, основните методи за прибирање средства од индивидуи, компании, фондации и јавни фондови, како и организирање кампањи за прибирање средства. Во рамките на овој предмет се вклучени многу практични аспекти поврзани со развојот на филантропијата во Македонија, со посебен осврт на корпоративната и индивидуалната филантропија. Исто така, предметот се занимава со развој на стратегии за прибирање средства од локални извори, фактори кои влијаат на успешното прибирање средства, од една страна, и организациското однесување и работење како што се развој на практики, важноста на истражувачките активности и развој на култура за донирање кај сите засегнати страни, од друга страна.

- **Јавни политики, застапување и лобирање**
  Во рамките на овој предмет се истражува како јавните политики влијаат врз граѓанските организации (ГОи), односно како ГОи влијаат врз процесот на усвојување јавни политики, со посебен осврт кон улогата на волонтеризмот, активизмот и вклучувањето на заедницата во овие процеси и интеракцијата помеѓу улогата на волонтеризмот и граѓанскиот активизам. Понатаму, овој предмет се однесува и на застапувањето како метода за предизвикување општествени промени и начините како да се случат промени во законската регулатива, со кампањи за застапување како начин да се влијае врз јавното мислење, истражување и анализа на политичките односи со јавноста и организирање на заедницата во изнаоѓање на широк круг на поддржувачи на каузата. Исто така, преку предметот се овозможува пренесување практични искуства во креирањето

општество во кое владее социјална правда и општество кое дава можности за позитивни промени онаму каде што се потребни.

- **Развој на човечки ресурси и раководење со волонтери**
  Овој предмет е дизајниран за раководители на ГОи и дава широк преглед на динамиката на човечките ресурси. Предметот се занимава со основните функции на раководењето со човечките ресурси (РЧР), како што се регрутација на персоналот, развој на кариерата, оцена на персоналот, давање фидбек, како и дизајн и опис на работно место. Овој предмет, исто така се занимава со истражување на прашања кои вклучуваат различности и идентитетот во работата, како и организациската култура, улогата на комуникацијата тимот, како и други важни прашања од областа на РЧР. Секако, како неодминлив дел од работата на ГОи е вклучувањето на волонтерите, како основен извор на активисти кај ГОи. Предметот опфаќа практична работа низ дискусии за студии на случај и рефлексија на искуството на студентите. Фокусиран е на раководење во организации кои се потпираат на вредности. Во рамките на предметот се прават споредби со практиките на ова поле во јавниот, профитниот и во граѓанскиот сектор. Содржина на предметната програма: - Концепт на стратегиски пристап кон РЧР во организацијата - Улогата и обврските на менаџерите за раководење и организација на работата во тимот, како да ги планираат и да ги организираат активностите, согласно со мисијата и организациските правила и процедури - Концепт на организациска структура / култура и развој - Улогата и позициите на менаџерот - Стратегиски пристап во сите фази на РЧР – од идентификување на потребите до одржливо организациско РЧР - Методологии за себераководење и управување со времето (time management) - Основи на комуникациските вештини при работа во тим - Концепт на раководење на тим – тимски вештини и тимски улоги (дефинирање цели на тимот, мотивација и улоги во тимот, решавање проблеми, лидерство, делегирање, оцена на работата и средби за преземање корективни акции) - Методологии за справување со конфликтни ситуации, кризен менаџмент - Улогата на организацискиот менаџер (регрутација и селекција) - Волонтеризам: дефиниција, типови волонтери, зошто луѓето волонтираат регрутација и селекција на волонтери - Методи на ориентација, обука и мотивација на волонтери - Права и обврски на волонтерите - Концепт на следење и оцена на работата на волонтерите - Методологија за креирање стратегија за раководење со волонтери

- **Правна регулатива и етика за Граѓански организации**
  Во рамките на овој модул се истражуваат сите правни и етички прашања со кои се соочуваат ГОи. Фокусот на овој модул е преглед на сите закони и подзаконски акти кои се поврзани со работата на ГОи, а посебно од аспект на структура, раководење, организациско однесување и на отчетност. Од особена важност е студентите да ја разберат поврзаноста на етиката во однесувањето на ГОи и имиџот на поединечните организации, како и секторот во целина.

- **Развој на локалната заедница**
  Овој предмет е фокусиран кон организирање, раководење и на лидерство во заедницата, со посебен осврт на потребите на различните групи на интерес. Во рамките на овој предмет се анализираат и се споредуваат различните концепти, филозофии и пристапи за развој на заедниците, преку решавање практични прашања и проблеми низ разработка на студии на случај. Со овој предмет се зголемува разбирањето на важноста на развојот на заедницата, низ вклучување на сите групи на интерес во решавањето на проблемите, во општиот развој на севкупното општество. Понатаму, низ предметот, студентите се оспособуваат за максимално искористување на финансиските, техничките ресурси во заедницата, како и за интензивирање на соработката и иницијативноста меѓу различните групи на интерес во локалната заедница и потенцијалните поддржувачи на развојот. Содржина на предметната програма: - Студентите да можат да ја согледаат „големата слика” низ разработка на конкретни примери од современи истражувања и практики во земјава и во регионот на ЈИЕ. - Студентите да ја разберат и да можат да ја анализираат заедницата во која работат, како и да можат да најдат ефикасни начини за зголемување на придонесот на сите во нејзиниот развој. - Подобро разбирање на концептот на одредување, односно процена на важните ресурси, можности, проблеми и приоритети, како и изнаоѓање начини за нивно решавање. - Подобро разбирање на предизвиците со кои се соочуваат локалните заедници во земјава и во регионот на ЈИЕ. - Совладување на пристапите за партиципативно локално планирање и процес на утврдување приоритети со кои се поврзуваат различните локални интереси во единствен план за развој на заедницата. - Совладување начини и пристапи за правилно информирање на заедницата за важните прашања. Совладување начини и пристапи за зголемување на учеството на заедницата во разрешувањето на локалните проблеми и во донесувањето одлуки за развој на сопствената заедница.

- **Меѓународни организации**
  Цели на предметната програма (компетенции): Во рамките на овој предмет се опфатени важни теоретски теми

кои се однесуваат на меѓународните институции, историскиот развој на меѓународните институции, улогата на меѓународните институции, функциите и надлежностите. Се анализира улогата на институциите кои играат важна улога во решавањето на колективните проблеми во глобалната политика. Овој предмет е фокусиран на поважните улоги на меѓународните институции кои тие ја имаат во светот, почнувајќи од мирот и безбедноста, економскиот развој, правата на човекот, одбраната и заштитата на животната околина. Се анализираат и напорите за создавање меѓународни организации, успесите и неуспесите како и предизвиците. Посебна важност им е дадена на политичките организации (ООН, ЕУ), безбедносните организации (НАТО, ОБСЕ), регионалните организации: Организација на Американски држави, Африканската унија, Арапска лига итн.), финансиските организации (ММФ, СБ, ЕЦБ итн.), како и на меѓународни невладини организации. Содржина на предметната програма: - Меѓународни институции: потекло, еволуција, класификација, улоги и функции - Историски развој и потребата од меѓународни институции: Лига на народите - Меѓународните институции во светската политика и специјализираните агенции на ООН - Меѓународните институции за правата на човекот: Меѓународен суд за правдата, Европски суд за човекови права и Европски суд на правдата - Меѓународни институции за безбедност: НАТО и ОБСЕ - Институциите на Бретон Вудс: Институции за меѓународна политичка економија - Банка Светска банка (ИБРД, ИДА, ИФЦ, МИГА, ИЦСИД), Меѓународен монетарен фонд и Светска трговска организација - Супранационални институции во Европа: регионални (ЕУ), мултилатерални (ОЕЦД; ОАС) и меѓувладини меѓународни организации - Иднината на меѓународните организации

- **Магистерски труд**
  Овој модул им овозможува на студентите да ги пренесат своите вештини и знаења за истражување и за составување на покомплицираната задача - пишувањето на магистерскиот труд. Модулот е наменет да биде целосно практичен и студентите да ги стекнат потребните знаења, способности, вештини и доверба за да пристапат кон истражување и пишување на тезата. Модулот има единствен повратен резултат - да им овозможи на студентите да ја пишуваат магистерската теза со минимални тешкотии и со максимална ефективност. Сè што е предвидено е во насока на подобрување на техниките на истражување и на стилот на пишување на магистерската теза водејќи сметка притоа за забраната со служење со недозволените средства како: плагијаторство и повреда на авторските права, кои се забранети со Статутот на УЈИЕ.

## Изборни предмети

- **Методологија на истражување за ГО**
  Овој модул се однесува на теоретскиот пристап кон проблемот на истражување, дефинирање на проблемот на истражување и теоретскиот контекст на кој тој припаѓа, односно теоретската рамка на проблемот. Понатаму, во рамките на овој модул се изучуваат поимот и дефинирање на проблемот, релевантни истражувања на проблемот, цел и карактер на истражувањето и задачите, кои претставуваат конкретизација на целта на истражувањето. Содржина на предметната програма: - Основни методи на истражување - Техниките и инструменти кои се користат при спроведување на истражување - Начините за дефинирање на популацијата на истражувањето, карактеристиките и големината на примерокот - Дефинирање какви податоци се очекува да се добијат со истражувањето и со кои статистички постапки ќе бидат обработени - Дефинирање етапи на обработка на квалитативните и квантитативни податоци - Тек на истражувањето, појаснување на материјално-техничките прашања и времетраењето на истражувањето - Методи на толкување на податоците добиени од истражувањето Низ практична работа, студентите ќе имаат можност да се запознаат и да користат одредени техники и методи на истражување, како и да учествуваат на подготовка на презентација на резултатите од истражување

- **Стратешко лидерство, раководење и управување со ГО**
  Преку овој модул студентите ќе се обучат да користат алатки, можности и рамки за спроведување ефективни стратегии кај ГОи. Различните теми вклучуваат концептуални рамки за разбирање на улогата на стратегиското лидерство, аналитички вештини за развој и оцена на стратегии и пристапи за работа со различни групи на интерес, со цел мобилизирање на посветеност, како и методи за водење кон промени и за постигнување промени. Исто така, ова е мултидисциплинарен модул и истражува историското, политичкото, правното, етичкото и социјалното опкружување во кое функционираат ГОи. По правило, секоја ГО треба да има независен управен орган (собрание или, пак, управен одбор (УО), кој ја управува организацијата и ги носи стратегиските одлуки. Овој модул се занимава со улогата на менаџерот, односно извршниот директор (ИД) во организацијата, процесот на носење одлуки и раководење со персоналот, согласно со законските норми, како и согласно со мисијата и стратегиските цели на организацијата. Понатаму, модулот ја опфаќа врската помеѓу УО и ИД и нивното влијание врз развојот на организацијата. Во рамките на модулот се истражува широк

спектар на извори, од етаблирани пристапи до стратегиското планирање и менаџмент до најдобри практики, како и користење на искуствата на студентите кои го носат со себе, вклучувајќи опис на разликите помеѓу лидерство и раководење, искуства и примери за градење успешни тимови, со посебен осврт на вештините кои лидерот треба да ги поседува за да може да го води тимот кон успех.

- **Реторика**
  Во текот на својата историја долга 2500 години, реториката се користи за означување многу нешта, но под реторика денес се подразбира уметноста на убедување преку јазик. Реториката го означува начинот на кој поединецот се надоврзува на одредена тема или идеја со цел да го убеди другиот. Реториката ја карактеризираат неколку главни одлики и најпрвин ги дефинира одредените типични ситуации на говорот.

- **Multilingualism and Multiculturalism**
  The purpose of this subject will be multilingualism in multicultural societies as a social phenomenon. This phenomenon is massive in the world. During the lectures more precise terms will be considered such as: monoculturalism and multiculturalism. The term 'linguistic nationalism,' has at least two forms of this nationalism, which collide with each other: for the leaders of the most powerful countries nationalism means expansion, and for minorities it takes the form of defiance and struggle for the affirmation of identity, despite such pressure. The emphasis during the program will be multiculturalism in education. In the schools curricula consists of contents from different cultures.

- **Selected Chapters of Advanced Topics in IT Applications for Preparing a Scientific Paper**
  The aim of this subject is: - To display the technical elements, the structure of the text and deign of a scientific research. - To enable students to acquire advanced knowledge and skills from selected advanced chapters of IT applications that will be needed in preparation of the scientific and research paper. - Practical application of these objectives in preparing student's individual research paper.

- **Selected Chapters of Advanced Applications for Statistical Data Processing**
  The aim of this subject is: - To display the technical elements in the field of statistics: organizing, processing, comparing through analysis and publication of data. - To enable students to acquire advanced knowledge and skills from selected advanced chapters of the applications for statistical data processing. - Practical application of these objectives in statistical processing of data obtained from questionnaires, reports, scientific studies and other documents.

- **Professional Communication**
  The course is focused on the development of those communication skills that are essential for effective functioning in the professional world. Students will study the process for analysis of different communication situations, and will accordingly comprehend them. Among the themes that will be covered are communication in organization, interpersonal and group communication, oral presentations, interviews for employment , professional business letters and interpersonal skills including group dynamics and team work.

- **Методологија на наставата**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со основните пристапи и методи на предавање. Од студентите се очекува стекнат знаења и вештини со кои ќе можат да применат средства за активна настава. Опфатен е и пристап за развојот, наставата и учењето како концепти, како и за основни практики кои ќе им овозможат на предавачите да предаваат за развојот на мислењето. Преку овој предмет, студентите ќе стекнат и теоретска основа и стратегии со кои ќе можат да го развиваат и своето и критичкото мислење на студентите.

- **Проектен менаџмент и раководење со грантови за ГО**
  Во рамките на овој модул се опфаќа ефективно планирање, спроведување на проекти и проектни идеи, кои се од особено значење за сите типови на ГОи. ГОи постојано преземаат нови инцијативи, нудат нови услуги, развиваат креативни пристапи во давањето услуги, осмислуваат нови компоненти, отвораат нови објекти, центри итн., воведуваат нови технологии, со цел да одговорат на променливото опкружување и барањата на целните групи. Овој модул нуди вовед во основните концепти и методи за раководење со проекти и на студентите им се обезбедуваат практични алатки кои ќе ги подготват да бидат успешни проектни менаџери. Уште повеќе, овој модул опфаќа анализа на потребите и проблемите, употреба на податоци при анализа на различни политики или состојби, потреба од создавање партнерства, употреба на алатки за убедување и преговарање, како и презентациски вештини. При самата работа на конкретни проекти, студентите ќе имаат прилика да се соочат со предизвиците при користењето неколку важни алатки за развој и за спроведување проекти, најмногу користени од меѓународните донатори и да извлечат заклучоци кои вештини, односно

знаења треба да ги подобрат.

- **Маркетинг и бренд- менаџмент за ГО**
  Цели на предметната програма (компетенции): Овој предмет претставува практично и сеопфатно истражување на успешниот маркетинг за ГОи. Опфаќа изучување на алатките на маркетингот, нивната апликација и анализа на резултатите. Овој предмет се однесува и на постигнување пошироко разбирање на филозофијата и неопходноста од бренд-менаџмент за ГОи, како основа за преземање активности од овој тип. Содржина на предметната програма: - Основи на маркетингот - Дефинирање цели на маркетингот за ГОи - Организациско однесување во однос на успешен маркетинг, како и вклучување на сите фактори во овој процес - Бренд-менаџмент за ГОи - Начини за успешно брендирање и зачувување на брендот на организацијата - Компјутерските и информатичките технологии и социјалните медиуми како дел од комуникациски цели за ГОи

- **Ефективни донаторски практики**
  Овој модул се фокусира на анализа на сите фази на развојот на една донаторска организација (фондација, програма за грантови на меѓународни организации итн.), од одлуката за формирање, планирањето, управувањето, функционирањето, до обезбедувањето транспарентност и отчетност во обезбедувањето грантови како и на оцената на ефективноста и влијанието на програмите за поддршка. Студентите ќе се запознаат со начините на анализа на идентитетот на една донаторска организација (ДО), факторите кои влијаат врз работата на една ДО, нејзините сегашните и идните насоки на работа. Ќе биде проучувана и врската и тензиите кои настануваат кај ДОи, во нивните релации со своите финансиери, кои честопати имаат и друг програмски фокус од тој на ДО, како и во интеракциите со владините институции и организациите на кои им грантираат средства. Студентите ќе се запознаат со различните типови и форми на ДОи кои постојат (јавни, корпоративни, фондации во заедницата, фамилијарни, програми за грант поддршка итн.), како и различните методи и форми на работа (преку грант-поддршка, застапување, развој на институционални капацитети, развој на заедницата, спроведување на оперативни програми) Најпосле, овој модул ќе ги опфати принципите на ефективност на официјалната развојна помош (ОРП) на развиените држави, напорите за координација на ОРП (Париската декларација (2005), Агендата за акција од Акра (2008), Партнерството за ефективна развојна соработка од Бусан (2011), како и обврските на Македонија и земјите од регионов за развој на ОРП во процесот на евроинтеграциите.

- **International humanitarian law**
  This course is designed to help students understand the complexities of international humanitarian law through lectures, case studies and exercises. The subject aims to raise awareness among students regarding the rules of IHL, the role of the International Red Cross during armed conflicts and duties of the warring sides in the conflict. Through group activities and discussions in the classes, students will highlight their beliefs, opinions, perceptions of human rights in the cases of armed conflict. The subject includes an analysis of the basic principles of IHL, with particular focus on modern armed conflicts. The main goal of this course is to contribute to raising the knowledge and skills of the students for appropriate analysis and critical approach, as well as the implementation of IHL.

- **International European law**
  This course is designed to familiarize students with the basic concepts and issues of International and European law. Through this course students will gain knowledge in International and European law and their relationship with domestic or national law. By the end of this module students will be able to demonstrate a clear knowledge and understanding of: - The nature of the legal acts and the relationship between international and national law; - Implementation of international norms in national legal system; - Strengths and weaknesses of European law and the role of directives, decrees and other acts of the EU institutions.

- **System of United Nations**
  The first half of this course involves an overview of various theoretical perspectives on international relations generally and on the role of international organizations and international law more specifically. Arguments from the institutionalist, realist and constructivist traditions are examined. In the second half, we use this theoretical knowledge to examine the historical evolution of the United Nations system and its precursors and to discuss the UN’s structure and governance role in international peace and security, human rights, development, and the environment. We use our insights to make assessments of the weaknesses and strengths of the UN and its agencies. Finally, in the last two weeks, students present their research findings with regard to the history, governance and issue area stances of other contemporary international organizations in the United Nations system.

- **Program evaluation**

The purpose of this course is to familiarize students with techniques for analyzing the effectiveness of organizations. Students will gain skills in formulating evaluation questions, sampling, planning and collecting data, analyzing the results of the evaluation, designing a budget for evaluation, reporting and communicating evaluation results to various stakeholders, development of competencies related to ethical and political issues regarding evaluation.